# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## јуни, 2015




www.veles.gov.mk

ВЕЛЕС

# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
## јуни, 2015

## Увид на улицата „Љубљанска “ и „Костадин Бодин“

Градоначалникот Славчо Чадиев направи увид на улиците Љубљанска и Костадин Бодин каде што изминатиот месец се одвиваат интензивни градежни активности. Овој зафат ќе опфати бетонирање на дел од улицата Љубљанска и спојување со улицата Костадин Бодин. Вкупната површина изнесува од околу 300 м2 и за оваа намена се предвидени средства во висина од 150.000 денари.





## Ансамбл „Керамичар“ во чест на Гемиџиите

Во амфитеатарот во Младинскиот парк, се одржа концерт во организација на Ансамбл „Керамичар“. На концертот кој е во чест на почетокот на 17-тата Вардарска регата „Гемиџии“ покрај играорците настапија и вокалните солисти и оркестарот на велешкиот ансамбл „Керамичар”. Претходно, гемијата со која ќе се плови по Вардар на претстојната регата од Велес до Гевгелија, на дефиле по градските улици беше претставена пред граѓаните на Велес.





## „БАСКЕРФЕСТ” го раздвижи Велес

Граѓаните на Велес и годинава беа дел од „Баскерфест“. На 26 и 27 јуни во Младинскиот парк се одржа фестивалот кој нуди уникатен концепт и нова поинаква понуда од другите. За присутните и овојпат имаше настапи на улични артисти на повеќе локации со интересна и незаборавна забава. Можеше да се видат: претстави, пантомима перформанси, улични танчери, креативни активности - вистински сплет на културни, забавни и уметнички содржини. Целта на фестивалот е да им се приреди на сите посетители ново и несекојдневно искуство. Токму ваквите улични перформанси стануваат културна атракција во многу земји и градови, а Велес со организацијата станува дел од сите нив.




## Заплови велешката гемија

Следејќи ја традицијата на Гемиџиите и велешките трговци, учесниците на 17-та Вардарска регата „Гемиџии“ изминатиот месец, тргнаа кон Гевгелија. Пред запловувањето, сите учесници им оддадоа почит со положување на цвеке на Гемиџиите пред нивниот споменик на брегот на Вардар.

Вардарската регата е еден сублимат од историја и емоции. Емоциите се поврзани со името на револуционерите што гемијата ја избраа за симбол на својата борба за Македонија! Општина Велес на оваа манифестација гледа со посебен респект затоа што го обединува целиот град. Спортистите, здруженијата на граѓани, стопанските субјекти, културните работници и ентузијастите.

Оваа година караванот на Вардарската регата се организираше по повод 112 години од солунските атентати. Регатата ја сочинуваа околу 100 лица кои пловеа по водите на Вардар се до Гевгелија каде што беше означен и крајот. Свечениот чин на запловување го означи градоначалникот на Општина Велес Славчо Чадиев кој симболично во водите на реката Вардар фрли венец, и со гемијата заплови по реката Вардар заедно со останатите учесници.

Поминувајќи над сто километри на гемија и чамци, 100-тината учесници на Вардарската регата „Гемиџии“, предводени од градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев на 29-ти, пристигнаа во Гевгелија. На крајната дестинација гемиџиите на новото време ги дочекаа градоначалникот на Гевгелија Иван Франгов. Учесниците во регатата кои истовремено пристигнаа на целта изразија задоволство од можноста на овој начин да ја продолжат традицијата на Гемиџиите а истовремено и да уживаат во пловењето по Вардар. Годинешната Вардарска регата се одржува по 17-ти пат од кога е започната во 1984 година. Истата е во чест на 112 години од делото на Гемиџиите.





## Се реконструира улицата „Страшо Пинџур” во центарот на градот

Во центарот на градот изминатиот месец започнаа интензивни градежни работи за реконструкција на улицата „Страшо Пинџур”. Градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев, во рамки на својата работна агенда направи увид на активностите и обиколка на теренот. Од негова страна беше истакнато дека со овој зафат во наредниот период значително ќе се подобри инфраструктурата и квалитетот на сообраќајот во централното градско подрачје. Поради затворањето на двете улици, сообраќајот беше пренасочен.





## Отворени канцелариите на велешките пратеници во Собранието на РМ

Со добивањето на мандатот велешките пратеници во Парламентот на РМ ветија дека ќе имаат свои канцеларии во кои ќе бидат секогаш достапни за граѓаните и во функција на решавањето на проблемите на градот.

Ова ветување стана реалност – се отворија канцеларии на пратениците за комуникација со граѓаните. Канцелариите на ул. „Борис Трајковски“ бр. 19 за граѓаните се отворени секој работен ден, а во петок покрај асистентите во канцелариите ќе може да се остварат контакти и лично со пратениците Илија Димовски и Ѓорги Коџабашиев.Инаку просториите се сопственост на Општина Велес, а нивното функционирање е обезбедено од проектот на ЗЕЛС и Собранието на Република Македонија .

Во изјавите на пратениците и Градоначалникот Чадиев дадени на отворањето на канцелариите, беше нагласено дека овој простор ќе обезбеди директна комуникација на избраниците на народот со граѓаните за решавање на сите проблеми од општествена и комунална природа, прибирање на нивните предлози и идеи за подобро уредување и управување во локалната и пошироката заедница, иницирање промена на определени законски одредби, како и се друго што е во интерес на граѓаните и градот.

За градоначалникот оваа канцеларија значи олеснета комуникација на две нивоа на власт и побрзо остварување на сите можни решенија на проблемите од областите во надлежност на општината.








## Хрватскиот амбасадор во работна посета на Општина Велес



Амбасадорот на Хрватска Златко Крамариќ имаше работна посета на Општина Велес. На средбата, градоначалникот Славчо Чадиев го запозна Крамариќ со вкупните состојби во градот и напорите кои се вложуваат од страна на локалната самоуправа за подобрување на условите за живот на граѓаните. Двајцата соговорници на средбата ги разгледаа можностите за понатамошна соработка помеѓу Општина Велес и Амбасадата на Република Хрватска. Пред хрватскиот амбасадор Златко Крамариќ, од страна на градоначалникот Чадиев беа презентирани и тековните активности на општината, како и идните проекти што ќе бидат реализирани во 2015 година.

На амбасадорот Крамариќ наскоро му завршува мандатот. Него ќе го замени Даниела Баришиќ, портпарол на Министерството за надворешни работи на Република Хрватска.



## Семејството Ангелови од с. Мамутчево го добија новиот трактор „Зетор“ преку ИПАРД фондот

Инструментот за претпристапна помош за рурален развој – ИПАРД за Република Македонија претставува пристап до фондовите на Европската Унија наменети за финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој со фокус на имплементација на законодавството на Европската Заедница во однос на заедничката земјоделска политика и политиките за конкурентно одржливо земјоделство, силни и одржливи рурални заедници и разновидна и одржлива рурална животната средина.

## Велес го обележа Светскиот ден на бегалците

Светскиот ден на бегалците 20-ти јуни, Републичкиот Црвен крст го обележа паралелно во Велес и Гевгелија со анимирање на јавноста за потребата луѓето да им помогнат на оние кои се приморани да го напуштат родното огниште.

Во Велес, на платото пред Народниот театар активисти на ОО на Црвен крст на граѓаните им делеа промотивен материјал и пораки со апел за хуманост, а присутни беа Градоначалникот на Велес, м-р Славчо Чадиев, претставници на УНХЦР, УНДП, Републичкиот Црвен крст и бројни граѓански организации.Обележувањето на овој ден има за цел да го насочи вниманието врз поширокота јавност секаде во светот, кон луѓе кои под присила ги напуштиле своите домови.

Оваа година Светскиот ден на бегалците се одбележува под мотото „И ЈАС СУМ ЧОВЕК“
Многу мал број на бегалци се вратиле во своите домови, а причините се воглавно поради недоволната безбедност и основните животни услови. Земјата која за нив некогаш била дом, сега е место на страв и несигурност. И покрај страдањата, бегалците никогаш не се откажале од сонот за својот дом, како и за семејство, прифаќање, безбедност и најважното чувството на припадност.

Во Република Макдеонија во моментот транзитираат околу 300 мигранти од Сирија и други држави, додека од почетокот на оваа година до денес се регистрирани околу 800 мигранти кои секојдневно се во потрага по подобро утре и посветла иднина.Сепак, сите нив ги поврзува надежта за подобра иднина и шанса одново во мир да започнат со своите животи.








## Велес го доби сертификатот за меѓународниот стандард ИСО 9001

Чест и задоволство за Велес е што стана првата општина во Република Македонија која по успешната ресертификација го добива сертификатот за меѓународниот стандард ИСО 9001 од Институтот за стандардизација на Република Македонија.

Велес е една од малубројните општини во Македонија кои веќе 6 години го применуваат стандардот и првата во државата која го има интегрирано овој стандард во електронски систем за управување со документи. „Нашата цел е на граѓаните да им обезбедиме поквалитетни услуги, а овој систем ни го овозможува тоа со принципот на постојано подобрување на квалитетот на нашите услуги“- рече градоначалникот Славчо Чадиев. Сертификатот за овој меѓународен стандард за нас значи потврда на успешното менаџирање во работата на администрацијата во насока на обезбедување на услуги кои граѓаните на Велес ги заслужуваат.








## ГРК БОРЕЦ на прием кај градоначалникот

Градоначалникот Славчо Чадиев, оствари средба со ракометарите на ГРК Борец. На средбата присуствуваше и пратеникот во Собрание на РМ, Илија Димовски.

„Она што пред три години беше само сон и приказна , денес стана реалност. Велес полека но сигурно ја враќа спортската мисла , ние не запираме овде продолжуваме и понатаму. Општина Велес како и граѓаните на Велес и понатаму ке продолжат со поголема поддршка, нашата цел е не само да го задржиме ова место тука да се пласираме меѓу првите три екипи"– рече градоначалникот Славчо Чадиев

„Ќе ги вложам мојот авторитет и ангажман да помогнам во оваа смисла на поддршка, генерално од градот, од сите структури и се надевам дека ќе успееме. Тоа е битно не само за Вас како играчи туку и за клубот и за градот и за сите нас. Велес, иако имаше многу предизвици, економски кризи, сепак успеа да се реорганизира и да го подигне спортот на нивото што го заслужува .

Вие сте пример за младите генерации како на правилен начин треба да се развиваат, да се борат, да стекнуваат пријателства и да издвојуваат победи. Имате цела поддршка од наша страна за да бидете пример на клубовите од другите спортови. Ви честитам" – рече Пратеникот Илија Димовски .

Велешани очекуваат оваа генерација ракометари да го врати златното време на ракометот во Велес, а „Борец" да остане расадник на репрезентацијата на Македонија.







## Етно-работилниците – чувари на традицијата

Во куќите на уметноста веќе петта година по ред се реализира проектот етно работилници.

Во куќата на Касапови младите велешани, ученици од основните училишта од градот ги запознаваат вештините за производство на облека, на начин на кој тоа го правеле нашите предци – со ткаење, предење, плетење. Во куќата на Џинот од оваа година започна да работи етно-работилница за производство на накит. Учениците со голем интерес и ентузијазам веќе ги направиле своите први украсни предмети на начин на кој тие се прават со векови station наназад. Столарската работилница на Васил Главинов во неговата родна куќа повторно живее со звуците на алатите и на старата велешка песна, а во грнчарската работилница на Рацин се врти колцето, се меси глината и се обликуваат сите предмети за домаќинство што се белег на македонската традиција.

Сите занаети опфатени со проектот во минатото биле основа за егзистенција на семејствата – грнчарството, столарството, ткаењето и изработката на накит за куќата, за домаќинствата и личен накит за деца и возрасни. Затоа и значењето на овие работилници е големо – преку нив и практично ја учат историјата, традицијата и својата припадност и идентитет." – напомена градоначалникот Чадиев.

Инаку овој проект петта година по ред го реализира ЗГ„Разбој", а е дел од Програмата за култура на Општина Велес за 2015 година. Инструктори на работилниците се занаетчии, мајстори на овие стари занаети, а целта на проектот е да се пренесат овие занаети на изумирање на младите со талент и желба за ракотворење. Проектот траеше 10 дена, а учесниците добијат дипломи за учество.







### Кружен тек „АВОНА“

Новото сообраќајно решение ќе придонесе да се зголеми безбедноста во одвивањето на сообраќајот во овој дел од градот. Новиот кружен тек кој ќе се гради на крстосницата на улица „Благој Ѓорев“ или позната како „Авона“ е предвидена и во програмата. Со ова идејно решение ќе се зголеми прегледноста во сообраќајот, ќе се зголеми безбедноста на пешаците, а исто така и на самите корисници на моторни возила. Оптеретеноста и метежот во овој дел од градот ќе се намали.




### 52-ри Рацинови средби

Велес и оваа година ги обележа Рациновите средби кои се 52-ри по ред од нивното создавање. Културната манифестација ја отворија младите ликовни уметници од Гимназијата „Кочо Рацин”. Тие почнаа да го изработуваат ѕидот на Рацин, кој се наоѓа во непосредна близина на Градскиот саат. Тој ќе претставува мотиви од животот и творештвото на велешкиот поет и револуционер. Веднаш потоа следеа и останатите културни настани како изложбата „Грнчарски средби – Велес 2015”, отворањето на споменикот „Музата на Рацин”, настапот на учесниците на рецитаторскиот конкурс и доделувањето на наградите.

Централниот настан се одржа на платото пред Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот” каде што свечено беа отворени 52-рите Рацинови средби. По извонредниот перформанс во чест на великанот беа доделени и наградите „Антологија на болката“ и „Напиши љубов во 140 карактери“, а за љубителите на пишаниот збор беше промовиран и Саемот на книгата. Првиот ден од овогодинешната манифестација беше заокружен со проекцијата на филмската поема „Бели Мугри” која се одржа на амфитеатарот во Младинскиот парк.

Од вечното почивалиште на Коста Солев Рацин, Спомен Костурницата, во саботата на 13-ти јуни по 52 пат беше испратена пораката дека љубовта и болката се две детерминанти кои го определуваат поетското суштествување. Преку патување низ вечноста и бесмртноста низ крикот на болката и љубовта Рацин и денес ги пренесува пораките до нас. Почесното Рациново признание оваа година отпатува во Русија. Олга Панкина, во Москва работејки на проектот „Читај ја Македонија“ ја добила веста дека е добитничка на почесното признание.

Рациновото признание отиде во рацете на Димитрие Дурацовски. Романот „Бледи сенки“ претставува сплет на повеќе жанрови прикажувајќи ја актуелната општествена ситуација.

Рациновите средби се мостот на времето, враќајки се назад секоја година одново ја чувствуваме душата на човекот кој не е со нас , но сите ние сме горди на него.













## Реконструкција на Дневниот центар за лица со оштетен вид

Владата на Република Македонија отстапи простор во објектот на Агенцијата за вработување во Велес за Дневен центар на лица со оштетен вид. Станува збор за заеднички проект на Општина Велес и МТСП.
Избраната градежна фирма „Изгрев инженеринг" ги започна градежните работи за адаптирање на просторот кој ќе содржи опремена сала за работни активности на корисниците, кујна и помошни простории.
Се очекува за 30 работни дена објектот да биде подготвен за отворање на Дневниот центар. Проектот чини вкупно 1.600.000 денари од кои 50% се средства од буџетот на општината со кои се врши адаптација на просторот, а 50% се средства од МТСП наменети за опремување на Дневниот центар.





## Силен аплауз од велешани за настапот на Ансамблот „Танец"

Ансамблот за народни песни и игри „Танец", во рамките на проектот „Велес-Град на културата за 2015 година", во преполната сала на Народниот театар „ЈХК Џинот" изминатиот месец одржаа концерт кој од многубројната публика беше поздравен со бурен аплауз и овации. Единствениот национален ансамбл, кој шест децении претставува симбол на македонскиот фолклор, традиција и култура, пред публиката ги презентираше најпрепознатливите етнокореолошки традиции, како и уникатните носии кои се вистински подвижен историски музеј на македонското материјално и нематеријално културно наследство.





## Во индустриската зона „Караслари" се уредува инфраструктурата

Во индустриската зона „Караслари" каде наскоро се очекува да започне со работа првата фабрика на германската компанија „Маркарт" а истовремено се градат и другите капацитети, се превземаат активности за инфраструктурно доуредување. За таа цел, изминатиот месец интензивно се работеше на асфалтирање и уредување на пристапниот пат. Претходно од страна на локалната самоуправа беше изграден и водоводен и канализационен систем за потребите на стопанските објекти кои се градат.
Во оваа индустриска зона која се наоѓа на доста атрактивна локација во близина на автопатот досега беа продадени 6 парцели. Се очекува во неа свое вработување да обезбедат околу 1.000 луѓе.





## Се пушти во употреба спортското игралиште во с. Иванковци

Во селото Иванковци беше пуштено новото спортско игралиште кое ќе биде повеќенаменско. Изградбата ја финансираше Агенцијата за млади и спорт како дел од проектот на Владата на Република Македонија за изградба на 100 повеќенаменски игралишта, вкупната сума потребна за реализација на овој проект изнесуваше околу 8.000.000 денари. Игралиштето свечено во употреба го предадоа директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески и градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев. Истото се простира на површина од 1300 квадратни метри, овозможува одржување на тренинзи и натпревари во мал фудбал, кошарка, ракомет и други спортови, а поставени се и рефлектори, со што ќе може да се користи и во вечерните часови. Спортски терен од ваков тип моментално се гради и во селото Караслари. Денешниот ден кога жителите на ова велешко село го прославуваат верскиот празник Св. Троица, беше искористен и за посета на месното население при што се разговараше на повеќе теми со кои би се подобриле условите за живот во овој дел на општината.





## Реконструирана урбаната опрема на јавните места

Изминатиот месец беше започната реконструкцијата на урбаната опрема на јавните места. Според она што можеше да се забележи на терен најголеми оштетувања се направени во детското игралиште „Дизни“. Увид при работата изврши и градоначалникот Славчо Чадиев.





## Се поставија забавувачи на брзина на патот

На неколку сообраќајници во Општина Велес изминатиот месец се поставија забавувачи на брзина на патот. На локациите кај „Долни Дукани “ и под „ Трговскиот“ новите забавувачи на брзина имаат за цел да ја зголемат безбедноста и заштитата на пешаците во сообраќајот, како и избегнување на сообраќајните незгоди кои најчесто се случуваат поради неприлагодена брзина на патот.





## Потпишан договор за збратимување со Општина Бига

Изминатиот месец делегација од Општината Велес предводена од Градоначалникот м-р Славчо Чадиев и членови на Советот, оствари посета на Општина Бига од Република Турција.

Целта на посетата беше потпишувањето на Договорот за збратимување и взаемна соработка. На договорот свој потпис ставија двајцата градоначалници, Славчо Чадиев и Исмаил Ишик. Претходно Советите на општините Велес и Бига за таа цел донесоа и Одлуки за збратимување. По срдечниот прием на доста високо ниво од страна на домаќините, средбата со турските колеги беше искористена за продлабочување на пријателството и креирање на нови значајни проекти. При посетата беа отворени и повеќе прашања од областа на економијата, културата, образованието и други области во кои може да се промовира искрена и пријателска соработка. Инаку Велес и Бига ги поврзува историската личност Хамдибеј Велешанецот кој по потекло е од Велес а неговиот лик и дело е од големо значење за турскиот народ и историја. Општина Велес и во наредниот период ќе вложи максимални напори пријателските врски помеѓу двата града да се проширувааат, да се негуваат и да се зголемуваат.





ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

ВЕЛЕС

Министерство за култура
на Република Македонија

Министерство за култура
на Република Македонија

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

Министерство за култура
на Република Македонија

ВЕЛЕС
ГРАД НА КУЛТУРАТА
2015

# Месечен весник
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## јуни, 2015